Македонија 8. October 2022 - 12:28

# ЗНМ: Снимателите и новинарите заедно за кревање на стандардите на професијата

Ми се допаѓа 7 Спо Tweet




Здружението на новинарите на Македонија (ЗНМ) соопшти дека како дел од активностите на секцијата на сниматели во Струмица се одржа тридневна работилница  на тема: „Унапредување на соработката помеѓу снимателите и новинарите”.

Според ЗНМ, основната цел за ваквите средби помеѓу снимателите и новинарите е преку детектирање на проблемите во секојдневната работа, со активно учество преку нудење аргументирани решенија, да се обидат да ги надминат предизвиците и да направат позитивни промени во заедничката работа.

На работилницата во Струмица, поздравни обраќања имаа претседателот на ЗНМ Младен Чадиковски и координаторот на секцијата на сниматели, Трајче Илиевски. Чадиковски изјави дека е важно преку заедничка дискусија и изложување на проблемите и потенцијалните решенија да се подобрува комуникацијата и да се унапредуваат вештините на снимателите, новинарите и медиумските работници.

-Практиките, новинари и сниматели заедно да дебатираат за предизвиците во новинарството ќе помогне кон подигнување на квалитетот на тимската работа, во дух на заедничко разбирање и на крајот, поквалитетен продукт, сторија, репортажа, потенцираше Чадиковски. Координаторот на секцијата на сниматели при ЗНМ Трајче Илиевски го сподели своето задоволство од одзивот за оваа работилница од која членовите на секцијата може да има само бенефит.

-Многу ме радува што на оваа средба овие неколку дена ќе разговараме за предизвиците и да ги извадме проблемите на виделина со што ќе предизвикаме нивно надминување и заедно како професионалци да ја почитуваме професијата, но и да ги вратиме оние стандарди кои постоеа претходно, рече Илиевски. Во работниот дел на работилницата свои излагања имаа новинарите Нора Калиќи, Мишко Иванов и Среќко Поповски, снимателите Зоран Догов и Роберт Коцев.

Дискутантите говореа за меѓусебната соработка, комуникацијата и координацијата помеѓу новинарите и снимателите. Дебатата беше фокусирана и на компаративните искуства и конкретни предлози како да се унапреди взаемната соработка. Практични вежби со симулација беа составен дел на вториот работен ден од работилницата каде што активно учество имаа снимателите и новинарите.

Една од поважните теми за која се разговараше на работилницата беше и безбедноста во новинарството која се уште е предизвик во секоја област од новинарството. На настанот учествуваа сниматели и новинари од национални и локални тв станици, како и од сите редакции на јавниот сервис.

Настанот е организиран во рамките на регионалниот проект Синдикатите за фер закрепнување", финансиран од ЕУ.

Ми се допаѓа 7 Спо Tweet




NEPTUN

**0 коментари**

Подреди според Најстари



Додај коментар...

Плагин за коментари на Facebook